УПРАВА ЗА ФИНАНСИСКО РАЗУЗНАВАЊЕ

УЛОГАТА И НАДЛЕЖНОСТИТЕ НА УПРАВАТА ЗА ФИНАНСИСКО РАЗУЗНАВАЊЕ

МАРИЈА АНГЕЛОВСКА-СТОЈАНОВСКА
СЕКТОР ЗА РЕГУЛАТИВА И РАЗВОЈ НА СИСТЕМОТ

7 Декември 2012, Скопје

www.usppft.gov.mk

УЛОГАТА И НАДЛЕЖНОСТИТЕ НА УПРАВАТА ЗА ФИНАНСИСКО РАЗУЗНАВАЊЕ

УПРАВА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ПЕРЕЊЕ ПАРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ТЕРОРИЗАМ

УПРАВА ЗА ФИНАНСИСКО РАЗУЗНАВАЊЕ

Со последните измени на ЗСППФТ – Службен весник на РМ број 44/2012

УЛОГАТА И НАДЛЕЖНОСТИТЕ НА УПРАВАТА ЗА ФИНАНСИСКО РАЗУЗНАВАЊЕ

- Сите институции и органи инволвирани во процесот на откривање и докажување на перење пари и финансирање на тероризмот мора да функционираат во спрега, како еден **поврзан механизам**

- Битен услов за усогласено и синхронизирано дејствување е меѓусебното познавање на сите делови од системот, односно познавање на местото, улогата и надлежностите на секоја од инволвираните институции

Содржина на презентацијата:

- ПОСТАВЕНОСТ НА СИСТЕМОТ ЗА СППФТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (ТРИ СТОЛБА)
- УЛОГАТА И НАДЛЕЖНОСТИТЕ НА УФР
- МЕЃУИНСТИТУЦИОНАЛНА СОРАБОТКА НА НАДЛЕЖНИТЕ ИНСТИТУЦИИ
- ПОСТАПУВАЊЕ ПО ИЗВЕШТАЈ ЗА СОМНИТЕЛНИ ТРАНСАКЦИИ/АКТИВНОСТИ
- СЕКТОРОТ РЕВИЗИЈА И ПЕРЕЊЕТО ПАРИ – МЕЃУНАРОДНА АНАЛИЗА
- ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ НА УФР ВО НАРЕДНИОТ ПЕРИОД

УЛОГАТА И НАДЛЕЖНОСТИТЕ НА УПРАВАТА ЗА ФИНАНСИСКО РАЗУЗНАВАЊЕ

ПОСТАВЕНОСТ НА СИСТЕМОТ ЗА СПП/ФТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (ТРИ СТОЛБА)

I

СУБЈЕКТИ

II

УФР

III

ИСТРАЖНИ и ПРАВОСУДНИ ОРГАНИ

ПОСТАВЕНОСТ НА СИСТЕМОТ ЗА СПП/ФТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (ТРИ СТОЛБА)

СУБЈЕКТИ (I СТОЛБ)

- дефинирани во членот 5 од Законот за СППФТ
- околу 15.000 правни и физички лица се субјекти на ЗСППФТ
- улога и функција на субјектите
- важни својства на субјектите: висока свест за последиците од перењето пари и финансирањето на тероризмот, добро обучени да ги препознаат сомнителните финансиски активности и добро познавање на своите клиенти

ПОСТАВЕНОСТ НА СИСТЕМОТ ЗА СПП/ФТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (ТРИ СТОЛБА)

II СТОЛБ - Управа за финансиско разузнавање

III СТОЛБ - истражни и правосудни органи:

-Министерство за внатрешни работи

-Управа за финансиска полиција

-Управа за јавни приходи

-Царинска Управа

-ЈО (Јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и

-суд

- Управата е формирана во 2001 година
- На 1 март 2002 година започна со активности, односно стана оперативна
- Март 2012 - 10-годишен јубилеј
- Етаблирана како целосно функционален и значаен дел од системот за борба против перење пари и финансирање на тероризам

УПРАВАТА ДЕНЕС:

- **Посебно правно лице во состав на Министерството за финансии**
- **Административен орган**

УЛОГАТА И НАДЛЕЖНОСТИТЕ НА УПРАВАТА ЗА ФИНАНСИСКО РАЗУЗНАВАЊЕ

- **Управата е орган за финансиско разузнавање и делува како посредник меѓу приватниот сектор (односно субјектите) и истражните и правосудните органи**
- **Основни надлежности на Управата се: прибирање, обработување, анализирање, чување и доставување на податоци**

Управата прима извештаи за:

- **сомнителни трансакции/активности поврзани со перење пари или финансирање на тероризам,**
- **една или неколку поврзани готовински трансакции во износ од 15.000 евра или повеќе во денарска противвредност и**
- **извештаи за внес и изнес на готовина над 10.000 евра во денарска противвредност кои ги доставува Царинската Управа**

Управата на дневна основа електронски добива и извештаи од:

- **нотарите - за сите реализирани купопродажни договори над 15.000 евра**
- **банките - податоци за сите исплатени кредити над 15.000 евра**
- **осигурителните компании - податоци за склучени осигурителни поиси за животно осигурување во вредност над 15.000 евра и**
- **автодилерите - податоци за склучени договори за купопродажба на нови возила во вредност над 15.000 евра**

Доверливост и безбедност на податоците

- Согласно член 33 од Законот - податоците и извештаите што ги прима, анализира и обработува Управата се доверливи
- Службениците во Управата неможат да ги користат податоците за други цели освен за целите утврдени со ЗСППФТ
- Сите вработени во Управата поседуваат безбедносни сертификати за пристап и ракување со информации класифицирани со одреден степен на доверливост

Примена на привремени мерки

- **согласно член 36 од законот, Управата има овластување привремено да запре трансакција најдолго за период од 72 часа**

Доставување налог за следење на деловниот однос до субјектот

- **согласно член 35-а од законот Управата доставува до субјектот налог за следење на деловниот однос на клиентот**

Надзорна функција

- **согласно член 46 од Законот, Управата има надлежност да врши надзор над субјектите**

Меѓународна соработка

- **согласно член 44, Управата може да склучува договори за соработка со овластени тела на други држави, како и со меѓународни организации вклучени во борба против перење пари и финансирање на тероризам**

- **Управата учествува во работата на MONEYVAL Комитетот на експерти за спречување на перење пари и финансирање на тероризам при Совет на Европа**
- **од 2004 година Управата е членка на EGMONT групата (меѓународна организација на единици за финансиско разузнавање од целиот свет)**

Одговорност на УФР

- **за своето работење Управата доставува Извештај до Владата на Република Македонија најмалку еднаш годишно и програма за работа за наредната година**

МЕЃУИНСТИТУЦИОНАЛНА СОРАБОТКА

- **Национална стратегија за СППФТ**

  -оваа година е подготвена трета Национална стратегија која ќе се имплементира во периодот 2012-2014 година

- **Совет за борба против перење пари и финансирање на тероризам**

  -надлежен е за следење на имплементацијата на активностите предвидени со Националната стратегија, унапредување на меѓуинституционалната соработка, координирање на заедничките активности и решавање на проблемите поврзани со спречување на перење пари и финансирање на тероризам

ПОСТАПУВАЊЕ ПО ИЗВЕШТАЈ ЗА СОМНИТЕЛНИ ТРАНСАКЦИИ/АКТИВНОСТИ

ПОСТАПКАТА СЕ СОСТОИ ОД 7 ЧЕКОРИ:

- **Администрирање**
- **Првични проверки**
- **Определување приоритетност и начин на постапување**
- **Задолжителни проверки**
- **Анализа на добиените податоци**
- **Реферирање на предметот пред Комисија и**
- **Изготвување на извештај или известување**

ПОСТАПУВАЊЕ ПО ИЗВЕШТАЈ ЗА СОМНИТЕЛНИ ТРАНСАКЦИИ/АКТИВНОСТИ

- **Првичните проверки се состојат од проверка на лицето, односно лицата на кои се однесува извештајот за сомневање во следните бази на податоци:**
- **бази на Управата (готовински и сомнителни трансакции, добиени меѓународни барања, одобрени кредити, склучени полиси за осигурување, склучени купопродажни договори, договори за купопродажба на возила)**
- **база на податоци за внес и изнес на готовина преку царинската линија на РМ**
- **бази на МВР**
- **база на податоци со листи на терористи и терористички организации**
- **база на податоци на царински декларации (реализиран увоз и извоз на стоки)**
- **база на Централен регистар**
- **по потреба се врши и интернет пребарување**

УЛОГАТА И НАДЛЕЖНОСТИТЕ НА УПРАВАТА ЗА ФИНАНСИСКО РАЗУЗНАВАЊЕ

- **Комисијата за работа на предмети одлучува дали за доставениот извештај ќе се отвори предмет, за приоритетноста на предметот, и определува аналитичар кој ќе работи на предметот**
- **За секој случај аналитичарот прави проверки, при што доставува барања до:**

- **Банки**
- **Управа за јавни приходи**
- **Агенција за катастар на недвижности**
- **Брз трансфер на пари**
- **Централен депозитар за хартии од вредност**
- **Централен Регистар**
- **Странски единици за финансиско разузнавање**

Прибирањето на податоците согласно законот може да трае најдолго до 10 дена

УЛОГАТА И НАДЛЕЖНОСТИТЕ НА УПРАВАТА ЗА ФИНАНСИСКО РАЗУЗНАВАЊЕ

- **Анализа на пристигнатата документација - еден од најважните чекори во постапката по извештај за сомнителни активности**

- **добиените резултати од извршената анализа, аналитичарот ги презентира пред Комисијата за предмети**

- **Извештај за сомнителни активности се доставува до надлежните истражни органи - МВР, УФП, ЈО кога е утврдено сомневање за сторено кривично дело перење пари или финансирање на тероризам**

- **известување за сомнителни активности се изготвува за случаи кога е утврдено сомнение за друго кривично дело и се доставува до надлежен орган**

Управата нема овластување и не доставува кривични пријави

ИЗВЕШТАЈОТ ЗА СОМНИТЕЛНИ АКТИВНОСТИ КОЈ УПРАВАТА ГО ДОСТАВУВА ДО ИСТРАЖНИТЕ ОРГАНИ ГИ СОДРЖИ СЛЕДНИТЕ ПОДАТОЦИ:

- лица за кои се однесува сомневањето
- краток опис на сомневањето
- обезбедени податоци и документи
- финансиска анализа – најзначаен дел
- причини за сомневање за перење пари (се наведуваат типологиите кои се користени за да се прикријат нелегално стекнатите средства)

- **Законска обврска на Управата дефинирана во член 31 став 3 од законот - Управата не смее да го открие идентитетот на вработениот во субјектот кој го доставува извештајот за сомнителни активности**

- **Најчести кривични дела кои генерираат криминален приход**:

- **даночно затајување**
- **измама**
- **злоупотреба на службена положба**
- **злоупотреба на доверители и др.**

УПРАВАТА ВО СВОЈАТА АНАЛИЗА КОРИСТИ СОВРЕМЕНИ СОФТВЕРСКИ АПЛИКАЦИИ:

- **Suscriptor (софтвер за водење на електронска архива)**
- **DocuShare - Document Management System (софтвер за менаџирање на документи)**
- **ICM - Investigation Case Management (апликација за електронска обработка на податоци и електронско водење на случаи)**
- **I2 -Analyst Notebook (софтвер за автоматско креирање на графички шеми на случаи)**
- **Business Intelligence (софтвер за креирање на извештаи од податоците во базата)**
- **SPSS (софтвер за статистичка обработка на податоците од базата)**

- **Просечно во текот на една календарска година, УФР прима околу 200 извештаи за сомнителни активности од субјектите**

СЕКТОРОТ РЕВИЗИЈА И ПЕРЕЊЕТО ПАРИ –МЕЃУНАРОДНА АНАЛИЗА

- **Во 2012 година, УФР нема добиено извештај за сомнителни активности од секторот ревизија**

- **меѓународните организации и тела објавија анализи во врска со можностите од инволвираност на секторот ревизија во криминални дејствија на перење пари, анализа на влијанијата кои овој сектор може да ги има и ги има од страна на потенцијални сторители на финансиски кривични дела и постоењето на случаи на инволвираност на овој сектор во активности поврзани со перење пари**

- **процентот на инволвираност во случаи на перење пари на овој сектор е мал**

- **Ревизорот треба да обрати внимание кое од него се очекува како од стручно лице и правно е одговорен за својата ревизија и стручно мислење**

- **Професионалноста, знаењето, искуството и познавањето на деловните активности на клиентот, на ревизорот може да му даде добра основа за препознавање на одредени дејствија и активности кои не се во согласност со закон**

- **Ревизорот има и законска одговорност која може да се набљудува од аспект на одговорност за откривање на непочитувањето на прописите од страна на правните лица и сметководителите при составувањето на финансиските извештаи и одговорност за изразено погрешно мислење во однос на финансиските извештаи**

- **Типологиите на потенцијалното перење пари во ревизорскиот сектор се идентични со оние кај сметководствениот сектор**
- **Меѓународните искуства покажале дека во ревизорската пракса можни се одредени влијанија врз објективноста на ревизорското мислење, на пример:**

➢ **Притисоци – притисоци кои влијаат на независната позиција на ревизорот се од различни активности, односи и околности кои можат да влијаат на пристрасноста на ревизорот**

➢ **Стручност на ревизорот – нестручен или помалку стручен ревизор е поподложен на прифаќање на туѓо мислење**

➢ **Судир на интереси – ревизорот може да биде во ситуација да проверува финансиски извештаи на клиент на кој истовремено му помага во водењето на финансиските работи и активности**

➢ **Неревизиски приходи – во последно време се почесто се зголемува појавата на учество на приходи од неревизиски услуги во структурата на приходи на ревизорските фирми**

- **Постоење на претходни блиски односи – преминувањето на ревизорот на работно место во фирма во која претходно вршел ревизија, може да има лошо влијание на независноста на ревизијата во наредниот период**
- **Семејни и лични односи – кога на работите на сметководство и финансии работи близок роднина, брачен другар, деца, родители и сл. може да се очекува ревизорскиот извештај и мислење да бидат пристрасни**
- **Клиентот има значајно учество во структурата на приходи на ревизорската куќа – доколку клиентот има свое учество во структурата на приходи на ревизорската фирма, може да се очекуваат директни или индиректни уцени кои можат да ја нарушат независноста на ревизијата**
- **Ревизорот има финансиски интерес во компанијата во која ја врши ревизијата – Ревизорот кој поседува акции (акционерско друштво) нема интерес да прикаже објективен приказ на финансиските позиции на компанијата во која и самиот има финансиски интерес**

- **Заплашување – Заканите од раководството и вработените кај клиентот на ревизијата можат да влијаат на тоа ревизорскиот извештај и мислење да бидат неточни**

ЗАКЛУЧОК - бројот на пријавени сомнителни активности за перење пари од страна на овој сектор на светско ниво е минимален и во иднина би требало да се посвети поголемо внимание на овој сектор од аспект на:

- **едукација**
- **зголемување на свеста за ризиците од перење пари**
- **зголемување на свеста за за негативните последици по репутацијата на припадниците на овој сектор во случај на нивна поврзаност или непријавување на сомнителни активности до надлежните органи**

ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ НА УФР ВО НАРЕДНИОТ ПЕРИОД:

- подготовка и донесување на нов ЗСППФТ (имплементирање на новите ревидирани 40 препораки на меѓународната организација ФАТФ и на новата 4-та директива на ЕУ)
- подготовка за 4-от круг на евалуација на Системот за СППФТ на РМ која ќе се одржи од 13-18 мај 2013 година
- донесување на нов Правилник за формата и содржината на извештаите кои се доставуваат до УФР - поради промена на формата, содржината и начинот на доставување на извештајот за сомнителни активности и
- подготовка на нов Прирачник за субјектите, во кој ќе бидат отсликани сите новини, актуелности, измени на прописите, индикатори, типологии за перење пари и финансирање на тероризам итн.

Б Л А Г О Д А Р А М Н А В Н И М А Н И Е Т О